# S-WORK

АВГУСТ 2020, БРОЈ 95



Додека сите ги чувствуваат последиците од КОВИД-19, оние најмаргинализираните, стигматизираните и криминализираните се повеќе се соочуваат со сиромаштија, која серизно влијае на нивното здравје и ги прекршува нивните човекови права. Сексуалните работници не само што се сериозно погодени од пандемијата со КОВИД-19, туку и се исклучени од итните одговори на владите кои, во многу контексти, се казнувачки и/или дискриминаторски. Amnesty International ги повикува владите да преземат насочени активности за решавање на различното влијание на КОВИД-19 врз сексуалните работници и да го заштитат нивното здравје, преку решавање на клучните прашања кои ги засегаат сексуалните работници уште од самиот почеток на пандемијата, како што е нивно исклучување од мерките за социјална и економска поддршка, зголемена криминализација и недостаток на заштита од насилство и намален пристап до здравствени услуги.

## Исклучување од мерките за социјална и економска поддршка

Со почетокот на пандемијата со КОВИД-19, некои држави донесоа итни мерки и закони за социјална и економска поддршка за граѓаните кои ги изгубија своите работни места, кои се соочуваат со зголемено родово базирано насилство, и кои се соочуваат со тешките последици од пандемијата. Меѓутоа, сексуалните работници се изоставени од ваквите програми за поддршка, особено во земји каде сексуалната работа е криминализирана.

Многу сексуални работници се обиделе да се придржуваат кон мерките на повеќето држави за физичко дистанцирање и други мерки за заштита на јавното здравје и покрај тоа што останаа исклучени од владините програми за поддршка. Сепак, многу сексуални работници се принудени да продолжат да работат во несигурни услови да заработат пари за да се издржуваат себеси и своите семејства, и покрај ограничувањата за нивно движење. Во некои случаи, сексуалните работници ја префрлија својата работа на онлајн платформи, што пак им носи нови ризици и предизвици. Некои пак, се соочуваат со принудено иселување, полициски рации, бездомништво, опасност од насилство и казни, ограничување и повреда на човековите права.

Пристапот до фондовите за итни случаи честопати бара доказ за државјанство или легално живеалиште, формално вработување и /или доказ за изгубени приходи, што автоматски го исклучува поголемиот дел од сексуалните работници, особено оние кои работат во земји каде што сексуалната работа е криминализирана, или не е законски признаена. Спротивно на тоа, во земји каде што сексуалната работа е декриминализирана и третирана како работа, сексуалните работници беа во можност да аплицираат за субвенции за итна финасиска помош за време на пандемијата (достапна за сите со обезбедување национален документ за идентификација и основни лични информации) и имаат право на бенефиции како баратели на работа.

**Клучни препораки до владите:**

- Вложете напори сексуалните работници да не се исклучени или дискриминирани во однос на програмите за помош и поддршка од КОВИД-19, во согласност со меѓународните обврски да се осигура дека целата акција на државата е недискриминаторска и ефективна во борбата против КОВИД-19 во согласност со законот и стандардите за почитување на човековите права.

- Вклучете ги сексуалните работници, како и сите самовработени и неформални работници, без дискриминација, во државните програми за помош на невработени и други програми за финансиска и социјална поддршка.

- Итно спроведување програми за регулирање и други мерки за заштита на човековите права на мигрантите како што е продолжување на визите за време на глобалната криза предизвикана од КОВИД-19.

- Запирање на сите иселувања и обезбедување пристап до соодветно домување за итни случаи за сите на кои им е потребено, вклучувајќи ги и сексуалните работници.

## Зголемена криминализација и недостаток на заштита од насилство

Сексуалните работници се имаат соочувано со повеќе форми на полициско малтретирање и  казнување во нивниот секојдневен живот и пред избувнувањето на пандемијата со КОВИД-19. Криминализацијата ги спречува сексуалните работници и другите маргинализирани лица да добијат соодветни КОВИД-19 третмани и тестирање, основна сексуална и репродуктивна здравствена заштита и/или услуги за намалување на штети.

AMNESTY INTERNATIONAL

Сексуалните работници често се апсени и парично казнувани од службениците кои ги спроведуваат мерките за контрола на КОВИД-19. Стигматизираниот и криминализиран статус кои го живеат сексуалните работници им дава сила на голем број спроведувачи на закони и службени лица да ги малтретираат, да ги изнудуваат и вршат физичко и сексуално насилство врз нив, а при тоа овие дела останувaат неказнети.

Распространетата криминализација на сексуалната работа ширум светот уште повеќе ги влошува несигурните околности на сексуалните работници. Сепак, среде пандемијата со КОВИД-19, сексуалните работници известуваат за зголемена дискриминација, вознемирувања и казнувања, кои резултираат со зголемено насилство, рација во нивните домови, задолжително тестирање на КОВИД-19, апсења и закани со депортации.

## Клучни препораки до владите:

• Имајте предвид дека сите ограничувања на човековите права со цел заштита од пандемијата КОВИД-19 предвидени со закон, се неопходни и сразмерни за таа цел и според меѓународните закони за човекови права. Ваквите ограничувања исто така мора да бидат недискриминаторски.

• Спроведените мерки да им овозможат на луѓето да ги задоволат нивните основни потреби и да ја земат предвид состојбата на маргинализираните групи доколку им е потребна било каква поддршка.

• Отфрлете ги постојните закони и/или воздржите се од воведување нови закони со кои директно се казнува консензуалната размена на сексуални услуги за надомест помеѓу возрасни лица.

• Воздржете се од спроведување на закони што ја криминализираат сексуалната работа и другите форми на консензуална сексуална активност, родовото идентификување, употребата и поседување на лекови за лична употреба и изложеност на ХИВ, барањето здравствена заштита и заштита од насилство. Наместо тоа, потребни се законски мерки за безбедност и унапредување на јавното здравје.

• Значително ангажирајте ги сексуалните работници во развојот и спроведувањето на програмите за помош и поддршка од КОВИД-19, преку соработка во партнерство со организации и групи за заштита на правата на сексуалните работници.

## Намален пристап до здравствени услуги

Сексуалните работници честопати страдаат од компромитирано здравје заради сиромаштијата, криминализацијата, повеќекратните и вкрстувачките форми на дискриминација, стигмата и дискриминацијата во здравствените установи. Пандемијата со КОВИД-19 дополнително негативно влијае врз здравјето на сексуалните работници и го оневозможува пристапот до основните здравствени информации и услуги, вклучително и оние за сексуалното и репродуктивно здравје, како и потребните информации и услуги, превенција и третман за ХИВ, услуги за намалување на штети и здравствена заштита за афирмирање на родовиот идентитет на трансродовите лица. Многу сексуални работници исто така немаат пристап до превентивните мерки од КОВИД-19, потребните информации и

материјали за заштита и безбедност, а криминализацијата на сексуалната работа дополнително ги спречува сексуалните работници да учествуваат во одредени иницијативи за здравствени информации на ниво на заедница. Иако постојат групи и мрежи кои обезбедуваат помош во храна, пари и заштитна опрема за оние на кои тоа им е најпотребно, сепак оние најмаргинализираните, вклучувајќи ги и сексуалните работници не ја добиваат потребната помош и поддршка од државите.

**Клучни препораки до владите:**

•Обезбедете информации, мерки за превенција и здравствена заштита од КОВИД-19 за сите лица без дискриминација преку достапни средства, посветувајќи особено внимание на оние кои се најмаргинализирани.

• Воведете експлицитни забрани за дискриминација и малтретирање од страна на здравствените работници и професионалците за спроведување на законот врз маргинализираните заедници кои бараат здравствени услуги.

• Направете обид да ги опфатите и оние кои се најмаргинализирани, вклучително и сексуалните работници, бегалците и мигрантите, луѓето кои живеат со ХИВ, бездомните лица, лицата кои користат дроги, како и оние на кои им е потребен специфичен третман и заштита од КОВИД-19.

• Назначете програма за сексуална и репродуктивна здравствена заштита — вклучувајќи подеднаков пристап до превенција, дијагностицирање и третман за ХИВ и СПИ, како што се кондоми, ПрЕП, ПЕП, АРТ, безбеден абортус, достапна контрацепција, грижа за мајки и новороденчиња и грижа за афирмирање на полот како основна грижа за сите луѓе и да се обезбеди постојан пристап до таквата грижа за време на пандемијата.

*Јавен извештај на Amnesty International



# Сексуалните работници се соочуваат со сиромаштија за време на пандемијата со КОВИД-19

Сексуалната работа во многу земји, како што е Италија, не е регулирана со закон, ниту пак е признаена како официјална професија. Ситуацијата со сексуалните работници е навистина тешка во земји каде сексуалната работа не е законски регулирана, а особено во време на пандемијата со КОВИД-19. Голем број сексуални работници прифаќаат одредени ризици со цел да избегнат сиромаштија како последица од кризата со Коронавирусот.

Во Италија, има околу 70,000 сексуални работници, кои немаат право да добијат економско олеснување или било каква помош од државата за време на пандемијата со КОВИД-19.  Поради тоа, многумина од нив биле принудени да се вратат на работа, преземајќи големи ризици покрај ограничувањата и строгите мерки за заштита од коронавирусот, а се со цел да избегнат сиромаштија.

Мери Сомела е 54-годишна сексуална работничка која работи во Болоња. Таа вели дека ги изгубила сите свои клиенти за време на пандемијата со Коронавирусот. Поради вонредната ситуација Мери не била во можност да обезбеди за основните потреби, како што се храна и лекови за себе си и своето семејство, а единствена помош, како што се пакети со храна, ја добива само од локални добротворни друштва. Мери, како и повеќето нејзини колеги/-шки се плаши да се врати на работа.

„40 години сум на улица и бев толку внимателна за да се заштитам од секакви вируси“, вели таа. „Не можам сега да фатам коронавирус“.





Иако голем број организации кои работат на заштита и промоција на правата на сексуалните работници се обидоа да лобираат кај владините инстиуции со цел сексуалните работници да добијат поддршка и помош од државата, сепак овие напори беа без успех. Сексуалните работници се принудени да работат во високоризични услови само за да ги преживеат овие тешки моменти.

Во други земји пак, како што се Холандија и Германија, сексуалните работници имаа можност да склучуваат формални договори со своите клиенти, а за време на карантинот, оние кои беа официјално регистрирани, имаа право да ги користат мерките на владата за економско олеснување. Шкотска исто така ги има вклучено сексуалните работници во своите програми за помош и социјална поддршка за време на пандемијата.

Во земјите на Балканот, сексуалните работници единствена помош добиваат од невладините организации кои преку бројни донациски кампањи собираат средства со цел да им ги овозможат основните потреби на сексуалните работници, како што се храна, лекови и заштитини средства.

Глобалната пандемија предизвикана од Ковид 19 вирусот, донесе огромни промени и закани по здравјето на животите на сексуалните работници, наметнувајќи им самоизолираност, ограничување и сиромаштија, исклучувајќи ги од економските мерки што ги преземаат националните влади за заштита и помош од КОВИД–19.

Сексуалните работници ширум светот се соочуваат со драстично намалување на бројот на своите клиентите, со губење на своите работни места, а со тоа и губење на приходите од кои им зависи езгистеницијата. За многу семејства, сексуалните работници се единствениот или можеби примарниот носител на финансиски средства. Оттука, изложеноста кон сиромаштија ги засега и најблиските членови на нивните семејства.



# Дали трансродовите лица се прифатени во Република Северна Македонија и каков е нивниот пристап до здравствените услуги и услугите поврзани со ХИВ?

Трансродовите лица во Република Северна Македонија се соочуваат со низа проблеми, меѓу кои се стигмата и дискриминацијата од општеството, како и од страна на државните институции. Најголемите проблеми со кои се соочуваат овие лица се однесуваат на немањето закон за правно признавање на родот и дискриминацијата при добивањето здравствени услуги.'

Повеќе за тоа како се прифатени трансродовите лица во Р. Северна Македонија и каков е нивниот пристап до здравствените услуги кои им се потребни, говори Предраг Јовановски.

**Како општеството во Република Северна Македонија ги прифаќа трансродовите лица?**
- Генерално сметам дека воопшто не сме прифатени, до степен каде што воопшто не постои простор за дискусија на тема прифаќање од општеството, и тоа од повеќе аспекти. Почнувајќи од околината, образовниот процес, здравствените и останатите државни институции кои нудат услуги, исто така останати институции како на пример банки, па сè до самиот систем кој практично не го препознава нашиот идентитет, и со тоа директно воспоставува пракса на директна дискриминација.
Сепак, има позитивни исклучоци на прифаќање од потесниот социјален круг, кое не секогаш се случува одеднаш, но сепак го подобрува квалитетот на животот на поединецот.

**Дали некогаш си бил/а дискриминиран/а врз основа на твојот родов идентитет? Кажи ни за твоето искуство?**
- Самата невозможност да се промени секс маркерот во лични документи и неквалитетната здравствена заштита и услуги го гледам и доживувам како еден вид најсилна дискриминација, која сама по себе повлекува низа други ситуации со дискриминација, како и постојана изложеност на ризик од истата. Тргнувајќи од тоа дека обична услуга во банка, или пак обична здраствена услуга претставува огромен предизвик, кој се одложува само поради „поинаквиот“ третман, слободно можам да кажам дека доживувам дискриминација/ непријатности барем еднаш во месецот.

**Дали трансродовите луѓе во РСМ ги добиваат сите потребни здравствени услуги?**
- Не. На добивањето здравствена услуга и претходи низа консултации со луѓе од заедницата, кои имаат искуство, се бараат сензибилизирани доктори, кои без разлика на родовиот идентитет ќе пружат соодветна услуга, без разлика за каков проблем и потреба станува збор - тоа за мене субјективно не претставува соодветна здравствена заштита.

Од друга страна пак, неинформираноста и незаинтересираноста на докторите за трансродовите лица, медицинската транзиција, целокупниот процес и игнорантноста кон специфичните проблеми својствени за заедницата, за мене лично е тотално апсурдно и неприфатливо.

Накратко, за да ги добиваме соодветните здравствени услуги, треба да имаме и комплетна здравствена заштита која ќе биде достапна, недискриминирачка, а медицинскиот персонал не само што ќе биде сензибилизиран, туку ќе биде и едуциран за здравјето на трансродовите луѓе.

**Што мислиш дека им е најпотребно на трансродовите лица во Република Северна Македонија гледано од здравствен аспект?**
- Како што напоменав, првенствено ни требаат сензибилизирани, но и едуцирани доктори кои ќе можат да одговорат на нашите проблеми, кои ќе бидат достапни и тука за нас.

Исто така ни треба подостапна медицинска транзиција, не само од ендокринолошки аспект, туку и од хируршки. Поедноставен и полесен пристап, од системски, административен, но и финансиски аспект. Тука би ја напоменал и потребата од хирурзи за операциите за потврдување на родот во државата, со цел подостапен, но и поевтин процес, за разлика од опцијата која ја имаме сега, а тоа е патување вон државата за истите тие операции. Поголема достапност на хормони, особено естроген во ампули кој сè уште не е достапен кај нас.

**Дали сметаш дека трансродовите луѓе спаѓаат во ризичната група за ХИВ?**
- Иако МСМ популацијата и геј мажите се во главниот фокус како ризична група, сепак најризична група за ХИВ се трансродовите жени, па со тоа би кажал дека и те како сме засегнати генерално цела заедница.

**Каков е пристапот на трансродовите лица до здравствените услуги за ХИВ и сексуалното здравје?**
- Услугите кои ги нудат јавните здравствени установи се избегнуваат, и скоро не се ни користат заради несензибилизираниот медицински персонал, дискриминирачкиот однос, но и непроменетите документи.

Се практикуваат услугите кои ги нуди невладиниот сектор заради персоналот кој е сензибилизиран, односот со клиентот, но и достапноста кон истите.

**Како ти се одвива животот генерално? Што е она за што си најмногу задоволен/-а? Дали има нешто што сакаш да промениш?**
- Генерално добро, исклучувајќи го проблемот со документите и пропратните институционални проблеми, би рекол дека социјалниот живот ми е прилично океј. Сепак, постојат одредени кругови на луѓе кои немаат предрасуди и не прифаќаат онакви какви што сме.

Најмногу сум задоволен од тоа што почнав со транзиција и скоро сите мои блиски луѓе ме поддржаа во тоа, но и од тоа што постојат сè повеќе луѓе кои се отворени кон различности и не дискриминираат. Сум задоволен што постојат организации и активисти/тки кои не само што се борат за повеќе права, туку помагаат и даваат емотивна поддршка, но пред сè се тука за заедницата.

Единствено нешто кое за сега би го променил се документите, односно законот за правно признавање на родот и можноста за промена на секс маркерот во личните документи, за што сум сигурен дека ќе го олесни и ќе го подобри квалитетот на животот на сите лица во заедницата.



# Безбеден секс за време на КОВИД-19

Сексот е нормален дел од животот на сите, се додека сите инволвирани страни се согласни. За време на пандемијата со КОВИД-19, со постоењето на мерките за заштита и ограничувањата како физичкото дистанцирање, многу често се поставува прашањето како да се намали ризикот од ширење на КОВИД-19 за време на сексот, со цел да го заштитиме сопственото здравје, здравјето на партнерите и јавното здравје.

**Дали КОВИД-19 се пренесува преку сексуален однос?**
Врз основа на постоечките докази, коронавирусот не се пренесува преку вагинален или анален сексуален однос. Сепак, коронавирусот се пренесува преку контакт со капки од носот и устата, вклучително и плунката на заразеното лице, што може да се случи преку близок физички контакт. Ова значи дека постои значителен ризик од пренесување на КОВИД-19 преку бакнување и физичко допирање ако едно лице го носи вирусот во себе. Исто така, постојат докази дека вирусот е присутен во изметот, така што лижењето на пределот на аналниот отвор може да претставува начин преку кој лесно се пренесува вирусот.

**Дали може да имате секс за време на КОВИД-19?**
За време на пандемијата со КОВИД-19, многу влади бараат од луѓето да ги почитуваат мерките за заштита и ограничување, како што е физичкото дистанцирање, со цел да се спречи ширењето на вирусот. Кога станува збор за сексот, ова се некои работи што треба да ги знаете.

*Секс со симптоми*
Ако вие или вашиот сексуален партнер покажувате симптоми на КОВИД-19 - сува постојана кашлица, покачена температура или отежнато дишење - треба да ги ограничите сите блиски физички контакти со цел да го спречите ширењето на вирусот. Ова значи дека треба да се избегне секаква физичка интимност, како што се бакнување и гушкање, како и анален, вагинален или орален секс со лицето кое ги има сите симптоми на вирусот.

*Секс без физички контакт*
Сексот со самиот себе, мастурбацијата, нема ризик од пренос на КОВИД-19 и е еден од најдобрите начини да продолжите да уживате во сексот за време на оваа пандемија. Може да истражувате и други начини да имате секс без физичко присуство на друго лице, вклучително и преку телефон или веб-камера. Ако одлучите да одите на Интернет за да ги задоволувате своите сексуални потреби, внимавајте што споделувате и со кого споделувате.

*Секс со партнер со кој живеете*
Ако имате редовен сексуален партнер со кого живеете заедно и двајцата немате симптоми, тогаш можете да продолжите да имате секс (со согласност). Ако Вашиот партнер има секс со други луѓе кои не живеат со вас, тогаш ова го зголемува ризикот за пренос и ширење на КОВИД-19.



*Секс со лице со кое не живеете*
За време на пандемијата, некои земји повикуваат да се намали што е можно повеќе физичкиот контакт, особено да се избегнува секс со луѓе со кои не живеете. Ова е затоа што постои зголемен ризик да се пренесе вирусот, што пак ги загрозува напорите за заштита на јавното здравје.

Ако сте сексуален работник, размислете да ги префрлите своите услуги на Интернет, доколку е тоа возможно. Следете ги општите препораки со цел да се заштите од Коронавирусот и да го спречите неговото ширење. Избегнувајте директен контакт со телесни течности, избегнувајте бакнување. Користете кондоми и заштитни ракавици. По средбите со клиентите, дезинфицирајте ги сите работи и материјали кои сте ги користеле или допреле со средство за дезинфекција.

**Совети за спречување на ширењето на КОВИД-19 за време на секс**
Ако имате секс со некој со кој не живеете, има неколку работи што можете да ги направите за да го намалите ризикот од добивање или ширење на КОВИД-19:

• Избегнувајте бакнување или размена на плунка (телесни течности) со некој кој не живее со вас.'

• Избегнувајте сексуални активности што вклучуваат лижење на пределот кај анусот.

• Користете кондоми за заштита.

• Темелно мијте ги рацете и телото со сапун и вода пред и после секс.

• Ако користите секс играчки, темелно измијте ги со сапун и вода или пак со дезинфекционо средство.

• Размислете за алтернативни начини на сексуално задоволство кое не вклучува физички контакт.

• Практикувајте взаемна мастурбација со партнерот при физичко растојание.

• Ограничете ги физичките интеракции со намалување на бројот на сексуални партнери кои ги имате.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од :

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА